# 6 ФИНАСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ТОПЛИФИКАЦИЈА А.Д-СКОПЈЕ

## 6.1 Цена на енергентите

***Графички приказ 11-*** **Движење на цената на мазутот во 2007 год.**



***Графички приказ 12-* Движење на цената на мазутот во моментите на потрошувачка**




***Графички приказ 13-* Движење на цената на природниот гас во 2007 год.**




***Графички приказ 14 -* Движење на цената на природниот гас во моментите на потрошувачка**



## 6.2 Цена на топлинска енергија

Цената на топлинската енергија ја утврдува Регулаторната комисија за енергетика на Р. Македонија врз основа на Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење.

Цената на топлинската енергија за греење на Топлификација АД - Скопје беше два пати корегирана согласно одлуките на Регулаторната комисија за енергетика на Р. Македонија.

На 09.03.2007 година Регулаторната комисија за енергетика на Р. Македонија со Одлуката бр. 02-401/1 **ја намали просечната цена** на топлинската енергија за греење на Топлификација АД - Скопје за **12.63%**. Намалувањето се засноваше на остварените заштеди во трошоците за гориво во првите месеци од годината.

На 18.10.2007 година Регулаторната комисија за енергетика на Р. Македонија со Одлуката бр. 02-1606/1 **ја намали просечната цена** на топлинската енергија за греење на Топлификација АД - Скопје **за 6.06%.** Намлувањето се засноваше на утврдени повеќе остварени приходи во при анализа на 2006 година и остварените заштеди во трошоците за гориво во периодот до одлуката.

На оваа одлука Топлификација АД - Скопје **поднесе жалба до Второстепената комисија за решавање на жалби од областа на енергетиката.**

Несогласувањето и жалбата кон оваа Одлука Топлификација АД - Скопје се базираше на следниве факти:

- РКЕ погрешно го пресметува приходот кој Топлификација АД - Скопје го има остварено од регулираните дејности, производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење.
- РКЕ прави методолошка грешка во утврдувањето на вишокот на остварени приходи.
- РКЕ применува погрешен процент за пресметување на нормализираната категорија Други услуги.
- РКЕ употребува погрешен износ на WACC за пресметка на дозволениот принос од регулирани средства за регулираните дејности дистрибуција и снабдување со топлинска енергија.
- РКЕ погрешно го пресметува приносот од регулирани средства за 2007 година и 2008 година од регулираниот период.
- РКЕ погрешно постапува кога во износот на остварените трошоци во категоријата Даноци, придонеси и други давачки не ги вклучува трошоците за судски такси.

Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката на 21.12.2007 година до Топлификација АД - Скопје достави Решение бр.27-10/1 со кое ја одби жалбата на Топлификација АД - Скопје и ја потврди одлуката на Регулаторната комисија за енергетика на Р. Македонија.

## 6.3 Финансиски перформанси

Во 2007 година Топлификација АД - Скопје оствари нето добивка во износ од 117,703,398 денари.

Овој позитивен резултат се должи пред се на остварената капитална добивка од продажба на акции од Комерцијална банка АД - Скопје.

Во 2007 година е остварена опеаративна загуба што е резултат на оперативната загуба во дејностите Дистрибуција и Снабдување.”

*Табела 29*- **Биланс на Успех на 31.12.2007 год**

| БИЛАНС НА УСПЕХ | 2007<br>000 ден. | 2006<br>000 ден. | Промена<br>% |
|---|---|---|---|
| **Приходи од продажба на топлинска енергија** | **1,495,346** | **1,484,730** | **0.72%** |
| Потрошен мазут | 673,415 | 1,134,470 | -40.64% |
| Потрошен гас | 435,192 | 95,861 | 353.98% |
| Потрошена електрична енергија | 53,419 | 52,566 | 1.62% |
| Потрошена вода | 8,461 | 5,067 | 66.98% |
| Концесија за користење на мрежа | 46,410 | 46,416 | -0.01% |
| Провизија за наплата на сметки | 6,919 | 3,610 | 91.67% |
| **Бруто маржа** | **271,530** | **146,740** | **85.04%** |
| Други оперативни приходи од основна дејност | 6,677 | 5,756 | 15.99% |
| Трошоци за материјали и др. | 19,969 | 21,101 | -5.37% |
| Услуги за тековно и инвестиционо одржување | 9,829 | 15,276 | -35.66% |
| Осигурување на објекти и опрема | 4,287 | 4,133 | 3.73% |
| Бруто плати | 131,979 | 136,541 | -3.34% |
| Менаџерски плати и менаџерски награди | 1,136 | 1,242 | -8.53% |
| Други услуги | 33,518 | 35,813 | -6.41% |
| Останати трошоци | 47,571 | 41,887 | 13.57% |
| Трошоци за придонеси,преземени обврски и даноци | 6,960 | 5,762 | 20.81% |
| **Добивка пред камати, даноци и амортизација** | **22,957** | **-109,259** | **-121.01%** |
| Амортизација | 68,994 | 67,915 | 1.59% |
| Отпис на побарувања од купувачите | 176,715 | 104 | |
| **Оперативна добивка** | **-222,752** | **-177,278** | **25.65%** |
| Финансиски и останати приходи | 117,306 | 168,246 | -30.28% |
| Финансиски и останати расходи | 84,902 | 83,690 | 1.45% |
| **Добивка од редовно работење** | **-190,347** | **-92,722** | **105.29%** |
| Вонредни приходи | 3,919 | 15,671 | -74.99% |
| Вонредни расходи | 1,774 | 2,113 | -16.02% |
| **Добивка пред оданочување од основна дејност** | **-188,202** | **-79,164** | **137.74%** |
| Приходи од проекти и проектирање | 3,696 | 11,610 | -68.17% |
| Директни трошоци за проекти | 2,503 | 9,338 | -73.20% |
| **Финансиски резултат од проекти и проектирање** | **1,193** | **2,272** | **-47.50%** |
| Приходи од трговија | 77,946 | 97,820 | -20.32% |
| Набавна вредност на продадени стоки | 72,380 | 90,327 | -19.87% |
| **Финансиски резултат од трговија со стоки** | **5,566** | **7,492** | **-25.71%** |
| Приходи од услуги | 5,930 | 8,113 | -26.90% |
| Директни трошоци за извршени услуги | 225 | 0 | |
| **Финансиски резултат од извршени услуги** | **5,706** | **8,113** | **-29.67%** |
| **Приходи од инвестирање** | **7,720** | **9,937** | **-22.30%** |
| **Капитална добивка од продажба на вложувања** | **304,707** | **92,932** | **227.88%** |
| **Добивка пред оданочување** | **136,690** | **41,582** | **228.72%** |

***Табела 30*- Биланс на Состојба на 31.12.2007год.**

| **БИЛАНС НА СОСТОЈБА** | **2007** | **2006** | **Промена** |
|---|---|---|---|
| | **ден.000** | **ден.000** | **%** |
| **Актива** | | | |
| Готовина | 4,857 | 20,456 | -76.3% |
| Побарувања од купувачи | 689,289 | 859,989 | -19.8% |
| Побарувања за дадени аванси | 2,802 | 6,493 | -56.9% |
| Други побарувања | 372,106 | 289,342 | 28.6% |
| Залихи | 107,297 | 100,927 | 6.3% |
| Претплатени тошоци(АВР) | 3,209 | 5,639 | -43.1% |
| Претплатени даноци | 0 | 23,931 | -100.0% |
| Краткорочни финансиски вложувања | 79,895 | 190 | 41949.8% |
| Тековни средства | 1,259,455 | 1,306,967 | -3.64% |
| Инвестиции во подружници и придружени претпријатија | 203,697 | 233,055 | -12.6% |
| Недвижности, постројки и опрема | 987,280 | 983,078 | 0.4% |
| Инвестиции во тек | 79,344 | 36,548 | 117.1% |
| Финансиски вложувања | 276,832 | 265,279 | 4.4% |
| Долгорочни средства | 1,547,153 | 1,517,960 | 1.9% |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **2,806,608** | **2,824,927** | **-0.6%** |
| **Пасива** | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 504,305 | 470,009 | 7.3% |
| Стекнати обврски | 305,091 | 340,970 | -10.5% |
| Краткорочен долг | 51,691 | 205,949 | -74.9% |
| Обврски за примени аванси и ПВР | 1,889 | 1,780 | 6.2% |
| Обврски за даноци | 16,786 | 167 | 9959.6% |
| Тековни обврски | 879,762 | 1,018,874 | -13.7% |
| Долгорочен долг | 259,532 | 540 | 47931.6% |
| Долгорочни обврски | 259,532 | 540 | 47931.6% |
| **Вкупни обврски** | **1,139,293** | **1,019,414** | **11.8%** |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 1,394,100 | 1,394,100 | 0.0% |
| Откупени сопствени акции | -1,258 | -1,258 | 0.0% |
| Акумулирана добивка | 7,492 | 16,955 | -55.8% |
| (Загуба)/Добивка | 117,703 | 40,885 | 187.9% |
| Резерви | 80,231 | 80,231 | 0.0% |
| Објективна вредност и останати резерви | 69,045 | 274,599 | -74.9% |
| **Вкупно капитал** | **1,667,315** | **1,805,512** | **-7.7%** |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **2,806,608** | **2,824,927** | **-0.6%** |

# 7 КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

## 7.1 Извештај за усогласеноста со кодексот на Македонската берза

Топлификација АД -Скопје како Друштво кое котира на Македонската безра во подсегментот на супер котацијата од 06.02.2007 год , превзеде обврска да го усогласи совоето работење и управување согласно Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската Берза .

Имено:

1. Во рамките на годишниот извештај за 2007 год, друштвото изготви извештај со сите потребни информации за усогласеноста на неговото работење и управување со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза . Годишниот извештај за 2007 е објавен на веб страната на Друштвото и на Македонската берза

2. Друштвото во 2007 год. го немаше објавено статутот на својата веб страна,но на почетокот на март месец 2008 год истиот е објавен како на веб страната на Македонската берза ,така и на веб страната на Друштвото.

3. Во текот на 2007 год. Друштвото одржа 1(едно) годишно редовно собрание на акционери, на кои целосно беше почитуван принципот за полномошник на акционер да не може да бидат назначени блиски лица, предвидени со Кодексот, ниту застапник на член на управниот одбор или надзорниот одбор.

   Во текот на изминатата година немаше склучени договори помеѓу акционерите со кои би се ограничила преносливоста на акциите или некои други права на акционерите.

4. При свикувањето на собрание на акционери во изминатата година во целост беа испочитувани: пропишаната постапка за известување за одржување на собрание, достапност на местото каде се одржува собранието, објавување на информации поврзани со точките од дневниот ред, пријавувањето на присуството и начинот на водење на собранието.

5. Во 2007 год. не беа донесени одлуки со кои се прават големи измени во однос на идентитетот или карактерот на Друштвото.

6. На 28.11.2006 год. Друштвото донесе Кодекс за деловно однесување со кој се уреди однесувањето на вработените меѓу себе, однесувањето со корисниците и деловните партнери на друштвото, како и начинот на кој тие можат да остварат непречена комуникација со органите на управување и надзор, кој во целост се почитува.

7. Друштвото ги почитува начелата за транспарентност и навремено објавување на сите суштински прашања и информации кои се однесуваат на работењето на друштвото . Во 2007 беа објавени 22 информации до Македонската берза од кои 16 се ценовно чуствителни , а 6 се финасиски , согласно законските акти и правила за котација на Македонската берза.

   Во 2008 год Друштвото ќе донесе посебен интерен акт за постапката за пријавување на присуството на собранието на акционери како и за правилното дистрибуирање на информацииите до сите акционери и пошироката јавност.

8. Во текот на изминатата 2007 год. Друштвото воспостави и оствари ефикасен систем на контрола во сите сфери од работењето на друштвото, при што немаше утврден судир на интереси, ниту злоупотреба на имотот на Друштвото.

   Во текот на 2007 год. не беа констатирани злоупотреби на големите зделки и зделки со заинтересирани страни.

Управниот одбор одржа 32 седници во текот на годината на кои беа разгледани сите битни елементи од работењето на Друштвото, стратегијата на друштвото и ризикот од работењето и истите се наведени во извештајот за работењето на Управниот одбор

Надзорниот одбор одржа 9 седници на кои беа разгледани исто така сите битни елементи од работењето на Друштвото и Управниот одбор и истите се наведени во извештајот за работењето на Управниот одбор.

9. Управниот одбор и Надзорниот одбор го запазија принципот на транспарентност во постапката за номинирање и избор на членовите на Управниот и Надзорниот одбор .

   Во периодот што следи и додека трае мандатот на постојните членови на органот на управување и контрола, со посебен интерен акт ќе се дефинираат потребните карактеристики и критериуми за избор на членови во органите за управување и контрола .

   Надзорниот одбор нема експерт за финасии,но при разгледувањето на сите финасиски извештаи и контроли активно вклучува лица од друштвото кои се експери во таа област .

10. Во текот на 2007 год , Председателот на Надзорниот одбор во целост се грижеше за правилно функционирање на одборот во согласнот со неговите надлежности дефинирани во интерниот акт за работењето на членовите на Надзорниот одбор.

11. Функцијата внатрешен правен советник во друштвото ја вршеше Раководителот на Работната единица за управување, работни односи, кадри и општи работи.

12. Во Друштвото нема формирано Комисија за ревизија, Комисија за надоместоци и награди и Комисија за избор и именување.

    Задачите кои треба да ги извршуваат овие комисии, претежно ги извршуваат дел од вработените лица во соодветните служби на друштвото, а по потреба се користат услуги од надворешни лица, експерти од одредена област.

13. Во деловната 2007 година У.О работеше раководејки се пред се од интересите на Друштвото, на акционерите на Друштвото, водејки сметка и за интересите на засегнатите лица.

14. Управниот одбор на друштвото во 2007 год во повеќе наврати расправало за ризиците кои се однесуваат на работењето на друштвото и во текот на 2008 год е планирано да се донесе и посебен интерен акт со кои таа проблематика ќе биде регулирана.

15. Во текот на 2008 год. во Деловникот за работа на Управниот одбор и Надзорниот одбор ќе се уреди постапката за регулирање на судирот на интереси помеѓу Друштвото и членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор и покрај тоа што истата материја е веќе регулирана и со Кодескот на однесување на вработените.

    Во 2007 год., во работењето на друштвото има 4 големи зделки.
    У.О има донесено одлука за тие зделки со претходно одобрение на Н.О.

## 7.2 Акционерски капитал на друштвото

Според акционерската книга на Топлификација А.Д.Скопје,која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ, акционерскиот капитал на друштвото со пресек 31.12.2007 година ги има следниве карактеристики и структура:

- ISIN (International Securities Identifying Number) код: ТПЛФ
- Вид на хартии од вредност: акции / обични
- **Номинална вредност по хартија од вредност ЕУР: 51,13**
- Номинална вредност по хартија од вредност МКД: 3,098
- Вкупен број на хартии од вредност: 450,000
- **Вкупно номинален капитал ЕУР: 23,008,500**
- Вкупно номинален капитал МКД: 1,394,099,000
- Број на гласови: 450,000
- **Број на акционери: 2352**

Топлификација АД - Скопје учествува во формирањето на Македонскиот Берзански Индекс МБИ-10, кој е составен од акциите на десет македонски компании кои котираат на берзата, чии акции се најликвидни и најтргувани на Македонската Берза.

## 7.3 Сопственичка структура

Сопственичка структура на капиталот според број на поседувани акции (пресек 31.12.2007)

***Табела 31***

| Категорија | Број на поседувани акции |
|---|---|
| Домашни физички лица | 324261 |
| Странски правни лица | 97037 |
| Домашни правни лица | 25761 |
| Странски физички лица | 2941 |




Сопственичката структура во 2007 година не претрпе значителни промени. Структурата е променета во корист на домашните акционери, кај кои се бележи пораст од 1.7%.

Единствен акционер кој поседува над 5% од акционерскиот капитал на Топлификација АД - Скопје е POTEZA, borzno posredniska druzba, d.d. со 17.83% од акционерскиот капитал.

Исто така, постои промена и во корист на физичките лица како акционери. Нивното учество во акционерската структура е зголемено за 1.6%.

## 7.4 Берзански перформанси на акцијата на Топлификација АД-Скопје

***Табела 32*** **-Клучни податоци од берзанските перформанси на акцијата на Топлификација АД по месеци за 2007 год.**

| Месец | Просечна цена | Мак. | Мин. | Почетна цена | Последна цена | Број на транс. | Вредност | Количина | Пазарна капитализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 4,083 | 4,300 | 3,998 | 4,089 | 4,300 | 135 | 19,696,635 | 4824 | 1,837,372,668 |
| Февруари | 4,563 | 5,000 | 4,160 | 4,300 | 4,898 | 224 | 34,271,574 | 7510 | 2,053,556,365 |
| Март | 5,433 | 7,753 | 4,601 | 4,801 | 7,000 | 322 | 67,178,201 | 12364 | 2,445,017,021 |
| Април | 7,372 | 9,252 | 5,990 | 6,600 | 9,252 | 402 | 62,969,154 | 8542 | 3,317,269,878 |
| Мај | 10,065 | 10,799 | 8,905 | 9,252 | 9,800 | 629 | 119,024,580 | 11826 | 4,529,093,607 |
| Јуни | 9,604 | 10,090 | 8,628 | 9,800 | 8,700 | 230 | 37,300,116 | 3884 | 4,321,589,135 |
| Јули | 9,632 | 10,300 | 8,950 | 8,950 | 10,300 | 187 | 26,065,534 | 2706 | 4,334,623,171 |
| Август | 14,491 | 18,949 | 10,400 | 10,400 | 18,701 | 520 | 115,548,233 | 7974 | 6,520,780,643 |
| Септември | 18,831 | 19,200 | 18,209 | 18,785 | 18,209 | 580 | 113,269,904 | 6015 | 8,474,057,656 |
| Октомври | 17,647 | 19,000 | 14,700 | 18,362 | 14,700 | 370 | 77,435,610 | 4388 | 7,941,208,865 |
| Ноември | 14,663 | 16,506 | 10,947 | 13,602 | 11,000 | 310 | 77,173,266 | 5263 | 6,598,512,198 |
| Декември | 12,837 | 13,850 | 10,947 | 10,947 | 13,800 | 195 | 27,123,607 | 2113 | 5,776,442,570 |
| | **10,768** | | | | | **4104** | **777,056,414** | **77409** | **4,845,793,648** |

*Месечни билтени 01-12 2007-Македонска берза & www.mse.org.mk

Просечната цена на акцијата за 2007 год. изнесува 10,768 ден. додека највисоката цена достигната на пазарот беше 19,105 ден.

***Табела 33*** **-Финансиски показатели**

| | 2007 | 2006 | Промена % | 2005 | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Добивка по акција | 261.56 | 90.86 | 187.87% | 186.5 | 220.1 | 208.93 |
| Книговодствена вредност на акција | 3707.94 | 4041.00 | -8.24% | 3805.00 | 3526.37 | 3661.69 |
| П/Е коефициент | 41.17 | 41.82 | -1.55% | 15.8 | 6.26 | 6.82 |
| Цена на акција / книговодствена вредност на акција | 2.90 | 0.94 | 208.51% | 0.77 | 0.39 | 0.39 |
| Стапка на поврат на средствата (РОА) | 4.16% | 1.47% | 182.99% | 3.53% | 5.41% | 4.58% |
| Стапка на принос на акционерскиот капитал (РОЕ) | 6.51% | 2.26% | 188.05% | 4.56% | 6.16% | 5.91% |

**Графички приказ 15 -Берзанско движење на цената на акцијата за 2007 год.**



*Цената на акцијата е земена како просечна цена за соодветните месеци според податоците објавени во месечните билтени на Македонска берза за 2006 година

**Графички приказ 16 --Споредбено следење на атрактивноста на цената на акцијата преку обемот на тргуваната количина во 2007 год.**




**Графички приказ 17 -Споредбен преглед на движењето на македноскиот берзански индекс МБИ-10 и промената на просечната цена на ТПЛФ во 2007 год.**




## 7.5 Органи на управување и контрола

Управувањето во акционерското друштво е организирано според двостепен систем на управување согласно одредбите на Законот за трговските друштва(скратено З.Т.Д), и со конституирање на органи на управување како следи:

- Собрание на акционерите;
- Надзорен одбор ;
- Управен одбор .

Собранието на друштвото го сочинуваат сопствениците на акционерскиот капитал.

На годишното собрание одржано на 04.05.2007 собранието на акционери избра **5 членови на надзорниот одбор** од кои еден е независен член , во согласнот со З.Т.Д.



**Ковачевски Зоран**, ***претседател на*** **Н.О,** економски техничар, роден 1957 год.



**Сандревски Љупчо**, **независен** ***член на*** **Н.О**,дипл.електро инженер ,роден 1955 год.



**Попевска Кубин Елизабета**, ***член на*** **Н.О**, дипл.електро инженер родена 1958 год.



**Дробнак Миран**, ***член на*** **Н.О**, роден 1956 год.,дипл.електро инженер.



**Скубин Горазд**, ***член на*** **Н.О**, дипл.електро инженер ,роден 1963 год., дипл.електро инженер..

Во 2007 год. членовите на Надзорниот одбор остварија годишни примања по основ на плата и бонус (надзорен одбор) и истите се прикажани во Табела 34.

***Табела 34***

| Ред бр | Име и презиме | Функција | Примања | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Плата | Бонус |
| 1 | Зоран Ковачевски | Претседател на Н.О | 324,223 | 88,000 |
| 2 | Љупчо Сандревски | Независен член на Н.О | 325,897 | 56,000 |
| 3 | Елизабета Кубин | Член на Н.О | 306,772 | 78,000 |
| 4 | Миран Дробњак | Член на Н.О | 0 | 0 |
| 5 | Горазд Скубин | Член на Н.О | 0 | 0 |

Надзорниот орган на својата седница одржана на 27.04.2007 **избра 7 членови на Управниот одбор .**



**Д-р Димитар Хаџи Мишев**, ***претседател на*** **У.О**, дипл.маш.инженер **,**роден 1954 год



**Нинeвски Ѓорѓи**, ***член на*** **У.О** , дипл.маш.инж, роден 1953 год



**Поцев Ефтим**, ***член на*** **У.О,** дипл.маш.инж, роден 1954



**Кировски Христо**, ***член на*** **У.О** ,дипл.маш.инж, роден 1963 год.



**Илиев Дине**, ***член на*** **У.О** , дипл.електро.инж, роден 1958 год.



**Бошкоска Соња**, ***член на*** **У.О** ,дипл.правник , родена 1958 год.



**Чадиевски Јованче**, ***член на*** **У.О,** дипл.маш.инж, роден 1955 год

Со друштвото раководи председателот на управниот одбор, го застапува друштвото во деловните односи спрема трети лица и во односот со вработените.

Вработените лица своите права и обврски по основ на работните односи ги остваруваат во согласност со постојниот Колективен договор на акционерското друштво.

Во 2007 год.членовите на Управниот одбор остварија примања на годишно ниво по основ на плата и бонус (управен одбор) и истите се прикажани во Табела 35.

***Табела 35***

| Ред бр | Име и презиме | Функција | Примања | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Плата | Бонус |
| 1 | Димитар Хаџи Мишев | Претседател на У.О | 530,587 | 96,000 |
| 2 | Ѓорѓи Нинески | Член на У.О | 454,459 | 96,000 |
| 3 | Ефтим Поцев | Член на У.О | 447,182 | 96,000 |
| 4 | Христо Кировски | Член на У.О | 418,551 | 96,000 |
| 5 | Дине Илиев | Член на У.О | 426,032 | 88,000 |
| 6 | Соња Бошковска | Член на У.О | 319,778 | 96,000 |
| 7 | Јованче Чадиевски | Член на У.О | 331,411 | 56,000 |

## 7.6 Извештај од работењето на Управниот одбор

Управниот одбор во текот на 2007 год. има одржано 32 седници , од кои 12 седници во стариот состав на УО , а 20 седници во новиот состав на У.О , избран од Н.О на Топлификација А.Д -Скопје на седницата одржана на 04.05.2007 год.

Во своето работење У.О расправеше за сите поважни аспекти во делот на остварувањето на деловната политика , дефинирана и со бизнис планот за 2007 год и при тоа разгледа и донесе :

- 378 одлуки;
- 5 правилника ;
- 5 правилника за изменување и дополнување на правилници;
- 19 извештаи;
- 33 известувања за службени патувања, набавки на основни средства и исплатени отпремнини при заминување во пензија;
- 26 барања од работници и корисници на топлинска енергија ;
- барања за спонзорства од кои 59 се одобрени ,а останатите одбиени.

## 7.7 Извештај од работењето на Надзорниот одбор

Надзорниот одбор во текот на 2007 год. има одржано 9 седници , од кои 2 седници во стариот состав на Н.О , а 7 седници во новиот состав на Н.О избран на Собрание на акционери кое се одржа на 25.04.2007 год.

Во своето работење Н.О расправеше за сите поважни аспекти во делот на остварувањето на деловната политика и при тоа разгледа и донесе 12 одлуки.

## 7.8 Големи зделки и зделки со заинтересирани страни

Во 2007 год., во работењето на друштвото има 3 реализирано големи зделки.У.О има расправано за тие зделки и има донесено одлука за тие зделки со претходно одобрение на НО.

Се работи за следниве зделки:

- ❑ Задолжување со рамковен кредитен лимит во износ од 7.5000.000 ЕУР, пред Стопанска банка АД-Скопје;
- ❑ Задолжување со краткорочен кредит во износ од 4.100.000 ЕУР,пред Комерцијална банка;
- ❑ Прифаќање на заем од фирмата БИТАР ХОЛДИНГС ЛТД, во висина од 14.000.000,00 ЕУР.

## 7.9 Управување со ризици во работењето на друштвото

Врз основа на стекнатото искуство како и проблемите со кои се соочува во секојдневното работење, предизвикани од влијанието на интерните и екстерени фактори, во друштвото се идентифукувани 7 главни ризици:

- ❑ Организационен ;
- ❑ Технолошки ;
- ❑ Оперативен ;
- ❑ Екстерен ризик;
- ❑ Финансиски ризик
- ❑ Ликвиден ризик;
- ❑ Системски ризик.

Во 2007 год на своите подготвителни седници У.О расправаше во повеќе наврати за ризиците со кои фирмата се соочува и при тоа беше потенцирано дека се доминатни два ризика:

- ❑ Ликвиден ризик;
- ❑ Системски ризик.

### 7.9.1 Ликвиден ризик

Ликвидниот ризик во друштвото може да влијае на редовното и навремено подмирување на обврските спрема своите доверители ,вработени и акционеери и истиот може да се појави заради:

- ❑ Неисполнување на нормите во делот на наплатата на фактурираната реализација;
- ❑ Несодветна и неодобрена на време цена на топлинска енергија, од страна на регулаторното тело;
- ❑ Врзување на финансиските средста за главните инпути на друштвото, односно за горивото на многу кратки рокови на доспеаност

### 7.9.2 Системски ризик

Определување на цената на топлинска енергија во делот на дистрибуцијата и снабдувањето со топлинска енергија од страна на регулаторното тело, согласно Правилникот за цена преставува ризик, кој негативно влијае на севкупните резултати во друштвото.

Елиминирањето на влијанието на овој системски ризик, друштвото го гледа во:

- Либерализација на пазарот на топлинска енергија, односно давање на можност и на останатите правни субјекти да се бават со дејноста  дистрибуција и снабдување со топлинска енергија согласно условите што ги дефинира регулаторното тело.
- Диверзификација на  одредени дејнсоти во друштвото што не се под влијание на овој фактор на ризик

## 7.10 Политики и стратегиски цели на друштвото во наредниот период

Во периодт што следи, Управниот одбор на Топлификација АД-Скопје има дефинирано три стратешки цели со чие реализирање друштвото треба полесно да ги надмине проблемите со кои се соочува во своето работење :

1. Наплата на услугата за испорачаната топлинска енергија по пат на мерење и кај Колективните станбени објекти
2. Отварање на пазарот на топлинска енергија
3. Доследно спроведување на Политиката за квалитет

Деталите за овие три стратешки цели се дадени на веб страната на друштвото : **www.toplif.com.mk**